ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 13 ГОДИНА 32 ДАТА 31.03.2014 ГОДИНА

СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОФС
- ОДЛУКИ ОД ОРГАНИТЕ НА ФФМ

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

Седница од 28.03.2014 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ГАБЕР" с. Ваташа: Честојанов С. Александар, Лазов В. Валери, Јошев Р. Мирослав, Добринов З. Петар, Кујунџиев О. Диме, Јованчев Б. Душко, Станков Л. Блаже, Цветков Ц. Ангел, Јанчев А. Антонио, Велков Г. Блаже, Цветков Т. Ѓорѓи, Митрев И. Ристе, Бошков Љ. Мартин, Аџиов П. Ѓорѓи, Лазаров Г. Александар, Митров Р. Кристијан, Симоновски В. Борис Марјан, Јанчев А. Душко, Дејан Г. Дишлиевски, по член 35/1.

ФК "СОПОТСКО ПОЛЕ" с. Сопот: Најдов П. Живко, Темелковски З. Александар, Камбер О. Рустемов и Филипов Љ. Гоце, по член 35/1.

ФК "АКАДЕМИЈА ШИКОВ – ПАНДЕВ" Кавадарци: Ристов О. Борис од ФК "Металург АД" од Скопје, по член 36/1.

Китев Ѓ. Симеон и Тефов Т. Даме, по член 35/1.

ФК "МАРЕНА" с. Марена: Давчев Ќ. Никола од ГФК "Тиквеш 09" од Кавадарци, чл. 35/4.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА

Седница од 28.03.2014 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО" Нов Дојран: Илиев К. Петар, Илиев Ѓ. Митко, Ѓоник В. Алкександар, Дуљанов П. Георге и Упчев Ѓ. Миле од ФК "Тиверија" од Струмица, по член 36/1.

Јанкулов С. Глигор од ФК "Василево" од с. Василево, по член 35/4.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВЕЛЕС

Седница од 28.03.2014 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ГОРСКИ" Велес: Тодоровски К. Горан од ФК "Извор 2009" од с. Извор, по член 35/4.

Стојанов Б. Бојан од ФК "Борец Јуниор" од Велес, по член 36/1.

ФК "МАЛДОСТ" Велес: Зекиров Ј. Лавдерим од ФК "Извор 2009" од с. Извор по член 35/4.

ФК "БАШКИМИ" с. Горно Јаболчиште: Ебиповски Е. Исљам од ФК "Форца Нова" Велес, чл. 36/1.

ФК "БОРЕЦ ЈУНИОР" Велес: Зарков З. Никола, Ивановски Ј. Борче, Нацев М. Давид, Димитриевски И. Димитриј, Димитриевски И. Михаил, Пренцов Б. Панче, Јаковлевски Г. Димче, Перчинков Ѓ. Виктор, Спиридонов Г. Давид, Петрушев А. Филип, Карадаковски З. Кристијан, Јаковлев Љ. Александар, Браховиќ Е.Аднан, по член 35/1.

ЖФК "БОРЕЦ" Велес: Јаневска Д. Драгана, Гелевска Барбутова П. Биљана, Стефановска О. Благица и Гелева Н. Елена, по член 35/1.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

Седница од 28.03.2014 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "КАРАМАНИ" с. Карамани: Чокузовски Т. Игорче и Бучковски С. Зоран, по чл. 35/1.

ФК "ЕДЕН НА ЕДЕН" с. Могила: Ѓорѓиевски В. Филип и Амбуковски Т. Петар, по чл.35/1.

ФК "ТАЛЕНТ 2010" Битола: Стефановски П. Бојан, Андоновски Д. Давор, Таировски С. Рамазан, Јовчевски С. Ѓорѓи, Бошевски Д. Лука, Јошевски Ж. Златко, Николовски Г. Тео, Стојковски Б. Никола, Ризанковски Н. Марин, Николовски З. Никола, Поповски С. Александар, Кочишки П. Димитар, Трапановски Н. Дамјан, Петровски О. Стефан, Кристо Б. Лазар, Исмаиловски А. Ардиан, Митревски Т. Алкександар, Русев Б. Васил, чл. 35/1.

Стојановски М. Дарко од ФК "ЛГ Спорт" од Битола, по член 36/1.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП

Седница од 28.03.2014 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "НОВО ЦРНИЛИШТЕ" с. Црнилиште: Крстески С. Христијан, по член 35/1.
ФК "ДИНАМО" с. Мажучиште: Чопелоски О. Милан, по член 35/1.
ФК "ПЕЛАГОНИЈА" с. Пашиноруфци: Маџароски Л. Горјан, по член 35/1.
ФК "ЦРВЕНА ЗВЕЗДА" с. Сенокос: Кочоски Б. Бојанчо, Цветаноски Д. Пеце, чл. 35/1.
ФК "ПАРТИЗАН" с. Обршани: Бегалиноски Ј. Петар од ФК "Питу Гули" од Крушево, по член 35/4.

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Прилеп фудбалерот Гелов Александар од ФК "11 Октомври" од Прилеп, порди преминување со регистрација на територијуја на друг Општински фудбалски сојуз.

*** Регистрции кои не се објавуваат:**

Не се објаваува регистрацијата на фудбалерот Гусакоски С. Даниел од ФК "Млекар" од с. Мало Коњари за ФК "Силјан Штркот" од с. Мало Коњари поради тоа што е изминат рокот на траење на исписницата.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ НЕГОТИНО

Седница од 27.03.2014 година

*** Регистртација на фудбалери:**

ГФК "ВАРДАР" Неготино: Гелов К. Александар од ФК "11 Октомври" Прилеп, по чл. 36/1.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СВЕТИ НИКОЛЕ

Седница одржана на ден 28.03.2014 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "РАБОТНИК ЏУМАЈЛИЈА" с. Лозово: Цветковски О. Дејан од ФК "Работник Џумајлија" од с. Лозово, по член 35/2.
ФК "ОВЧЕ ПОЛЕ ЈУНИОРИ" Свети Николе: Атанасовски С. Симе и Ефремов Л. Наум, по член 35/1.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

Седница од 27.03.2014 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ДРАСЛАЈЦА"с. Драслајца: Цоклески Б.Горан од ФК "Лабуништа 2011" с. Лабуништа, чл.36/1
ФК "КАРАОРМАН" Струга: Поповски Е. Давор, по член 35/1.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ "ГАЗИ БАБА" СКОПЈЕ

Седница одржана на ден 28.03.2014 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "СКОПЈЕ" Скопје: Чајани Ј. Имер од ФК "Бутел" од Скопје, по член 35/4.
ФК "СМИЉКОВЦИ" с. Смиљковци, Скопје: Николовски М. Марио, по член 35/1.
ФК "НОВА КОЛОНИЈА" Скопје: Зекири С. Ферат, по член 35/1.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

Седница од 28.03.3014 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МИЛАНО" Куманово: Ќазими Х. Азам и Мурати Е. Ваљон, по член 35/1.
ФК "ЛОПАТЕ" с. Лопате: Сулејмани И. Лиридон, по член 35/1.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ЛИПКОВО

Седница од 13.03.2014 година

*** Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерите Бујар Исмаили, Артан Таири и Седат Мурсељи од ФК "Илирет Вата" за ФК "Ринија" бидејќи нема печат од клубот на пријавите за регистрација на фудбалерите.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КИЧЕВО

Седница од 28.03.2014 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "НАПРЕДОК АД" Кичево: Вељаноски С. Јовица, по член 35/1.

ФК "ВЛАЗЕРИМИ" Кичево: Анѓелески Ј. Перо од ФК "Напредок АД" од Кичево и Сефери Џихан од ФК "Ренова АД" од Ттово, по член 36/1.

Нухији Арбен од ФК "Албарса" од Скопје, по член 35/4.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

Седница од 28.03.2014 година

*** Регистрција на фудбалери:**

ФК "ЊУ СТАРС' Скопје: Краљевски К. Максим, Илиевски С. Леонид, Петровски С. Стефан и Димитријевски З. Андреј, по член 35/1.

ФК "РАДУША" Скопје: Ибреахими И. Фидан од ФК "Сарај" од с. Сарај, по член 35/4.

*** Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Скопје фудбалерот Чајани Имер од ФК "Бутел"Скопје, поради преминување со регистрација во друг ОФС.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

Седница од 28.03.2014 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ГОСТИВАРИ" Гостивар: Давидовски И. Александар, Фазлија Б. Ферит, Рамадани Ќ. Ерџан и Шабани И. Јасин, по член 35/1.

*** Раскин на професионален договор:**

ФК "КФГ Гостивар АД" од Гостивар и фудбалерот Велија Ф. Билал го раскинаа договорот за професионлано занимавање со фудбал, Спогодбено.

*** Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Гостивар фудбалерот Велија Ф. Билал од ФК "КФГ Гостивар"Гостивар, поради преминување со регистрација во друг ОФС

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ РЕСЕН

Дополнување на

Седница од 27.03.2014 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ТОТАЛ ФУДБАЛ" Ресен: Колев М. Христијан, Зекир С. Емил, Стојановски Б. Марио Туше, Босилковски Д.Христијан, Најдовски Б.Васко, Трајчевски З. Христијан, чл. 35/1.

*** Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрациите на фудбалерите: Мустафовски А. Мервин, Павловски Г. Цветан и Шекревски Г. Цветан за ФК "Тотал фудбал" од Ресен по член 35/1, бидејќи документот за идентификација – изводот од матичната книга на родените е преправан рачно во матичниот број.

Седница од 27.03.2014 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ТОТАЛ ФУДБАЛ" Ресен: Дечков П. Даниел и Рабаџиевски З. Кирил, по член 35/1.

Редовно Генерално Собрание 22.03.2014 година

Врз основа на член 43 став 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 22.03.2014 година Собрание на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Се верификуваат мандатите на делегатите од листата на заменици делегати, кои го завземаат местото на делегатите на кои поради избор за членови на Управниот одбор на ФФМ по автоматизам им престана делегатскиот мандат.

Реден број	ОФС	Име и презиме На делегати
1	Битола	Јован Стојановски
2	Валандово	Горан Манчев
3	Велес	Петров Благој
4	Гази Баба	Крсте Даниловски
5	Кичево	Иљам Исмаили
6	Кратово	Власте Савевски
7	Липково	Аки Шукрија
8	Охрид	Целе Ивановски
9	Прилеп	Марјан Ристески
10	Св.Николе	Златко Чубриновски
11	Струга	Џеват Дибрани
12	Штип	Бернард Симонов
13	Трета лига Запад	Борче Мирчески – ОФС Тетово

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

Деловоден бр.01-823/1-2

Образложение

Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 22.03.2014 година по презентирањето на извештајот од Комисијата за избори, за верификување на делегатски мандати, на заменици на делегати, од страна на општинските фудбалски сојузи: Битола, Валандово, Велес, Гази Баба, Кичево, Кратово, Липково, Охрид, Прилеп, Св.Николе, Струга, Штип и Трета лига -запад, донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден бр.01-823/1-2

Редовно Генерално Собрание 22.03.2014 година

Врз основа на член 43 став 1 т. в од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 22.03.2014 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. За верификација на записникот од седницата на Собранието одржано во Скопје на 22.03.2014 година се назначуваат делегатите:

- Зоран Михајловски од ОФС Гази Баба
- Јордан Тодоров од Трета лига Исток
- Џеват Дибраини од ОФС Струга

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

Делегатите на собранието на Фудбалската федерација на Македонија на седницата одржана на ден 22.03.2014 година за верификација на записникот ги избраа делегатите како во диспозитивот на одлуката.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден бр.01-823/1-4

Врз основа на член 43 и 44 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 22 Март 2014 година Собрание на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната одлука:

ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВА** деловникот за работа на седницата на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од 22.03.2014 година .
2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.
3. Одлуката да се објави во стручно-информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

Образложение

Собранието на Фудбалската федерација на Македонија на седницата одржана на 22 Март 2014 година, го разгледа и усвои предложениот Деловник за работа на Собранието поднесен од страна на Управниот одбор на ФФМ.

Фудбалска Федерација на Македонија
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број:01-823/1-6

Редовно Генерално Собрание 22 Март 2014 година

Врз основа на член 43 ст.1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 22 Март 2014 година Собрание на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната одлука:

О Д Л У К А

1. **СЕ УСВОЈУВА** записникот од одржаната седница на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од 29.06.2013 година и се врши исправка во делот на присуство на имињата на делегатите од ОФС Македонски Брод, ОФС Кисела Вода и ОФС Пробиштип
   - за ОФС Македонски Брод на местото на Алија Јаоски треба да стои Ивица Секулоски
   - за ОФС Кисела Вода на местото на Иван Путилин треба да стои Игор Франговски
   - за ОФС Пробиштип на местото на Ванче Мијалчев треба да стои Добре Марков

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

Собранието на Фудбалската федерација на Македонија на седницата одржана на 22 Март 2014 година, го разгледа и усвои записникот од одржаната седница на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од 29.06.2013 година со исправка како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија
Илчо Ѓоргиоски

Деловоден број:01-823/1-7

Редовно Генерално Собрание 22.03.2014 година

Врз основа на член 43 став 1 т. ж од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 22.03.2014 година Собрание на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. **СЕ УСВОЈУВА** извештајот за работата на Претседателот и Управниот одбор.
2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување
3. Одлуката да се објави во стручно-информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

Собранието на Фудбалската федерација на Македонија на седницата одржана на ден 22.03.2014 година, го разгледа извештајот за работата на Претседателот и Управниот одбор за периодот од 29 Јули 2013 година до 22.03.2014 година, поднесен од страна на Управниот одбор на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

деловоден бр.01-823/1-8

Редовно Генерално Собрание 22.03.2014 година

Врз основа на член 43 став 1 т. s од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 22.03.2014 година Собрание на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. **СЕ УСВОЈУВА** извештајот од независниот ревизор - Друштвото за ревизија БЕЈКЕР ТИЛИ Македонија Скопје за извршена ревизија на финансиски извештаи на ФФМ за 2014 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување

3. Одлуката да се објави во стручно-информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

Собранието на Фудбалската федерација на Македонија на седницата одржана на ден 22.03.2014 година, го разгледа извештајот и го прифати мислењето на независниот ревизор - Друштвото за ревизија БЕЈКЕР ТИЛИ Македонија Скопје, по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

деловоден бр.01-823/1-9

Редовно Генерално Собрание 22.03.2014 година

Врз основа на член 43 став 1 т. е од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 22.03.2014 година Собрание на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. **СЕ УСВОЈУВА** завршната сметка на Фудбалската Федерација на Македонија за 2013 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување

3. Одлуката да се објави во стручно-информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

Собранието на Фудбалската федерација на Македонија на седницата одржана на ден 22.03.2014 година, ја разгледа Завршната сметка на Фудбалската федерација на Македонија за 2013 година, по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

деловоден бр.01-823/1-10

Редовно Генерално Собрание 22.03.2014 година

Врз основа на член 43 став 1 т. и од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 22.03.2014 година Собрание на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Се усвојува буџетот на Фудбалска федерација на Македонија за 2014 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

Собранието на Фудбалската федерација на Македонија на седницата одржана на ден 22.03.2014 година, на предлог на Управниот одбор на ФФМ го разгледа и усвои буџетот на Фудбалската федерација на Македонија за 2014 година како во предлогот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

деловоден бр.01-823/1-11

Врз основа на член 43 став 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 22 Март 2014 година, Собрание на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Се врши измена и дополнување на Дисциплинскиот правилник на ФФМ

1. Член 4 се менува и гласи:

Генерално против сторител на прекршок не може да се поведе постапка ниту да се изрече казна по изминување на 10 (десет) години од сторениот прекршок

Исклучок од став еден на овој член се:

- прекршоците направени за време на натпревар за кои не може да се води постапка и изрече казна по изминување на две години од сторениот прекршок.

- против прекршителите на анти-допинг правилата не може да води постапка и изрече казна по изминување на 8 (осум) години од сторениот прекршок

Дисциплинските прекршоци поврзани со недозволено влијание на тек и исход од натпревар не застаруваат.

2. Во член 13 став 1

- се додава нова алинеа 10 која гласи „гледачи" .

3. Во член 14, став 7 се менува и гласи:

(7) Под фудбалска организација во рамките на овој правилник се подразбира клуб - член на општински фудбалски сојуз, општински фудбалски сојуз - членка на Фудбалската федерација на Македонија, Фудбалската федерација на Македонија (скратен назив ФФМ) , здруженија на организации на фудбалски чинители – членки на ФФМ, УЕФА (Сојуз на европски фубалски асоцијации), ФИФА (федерација на меѓународни фудбалски асоцијации)

4. Во член 16 се дополнуваат ставовите 1 и 4 со нови алинеи

- став 1, нова алинеа 4 со зборовите„ службен резултат (3: 0 освен во случај кога на терен е постигнат подобар резултат)"

- став 4, нова алинеа 2 со зборовите„ забрана за пристап до соблекувални и или резервна клупа
- став 4 нова алинеа 3 со зборовите„ забрана за пристап на стадион"

5. Се додава **нов член 17-а** кој гласи:

Член 17а

Надлежниот дисциплински орган при изрекување на подолу наведените дисциплински мерки земајќи го во предвид дотогашното однесување на сторителот може да предвиди дел од изречената казна условно да биде издржуван доколку изречената мерка не надминува 6(шест) натпревари односно 6 (шест) месеци :

- забрана на настап на одреден број натпревари

- забрана за пристап до соблекувални и или резервна клупа

- забрана за одигрување на одреден број натпревари без присуство на гледачи

- забрана за одигрување на одреден број натпревари на одреден терен(одигрување на натпревар на неутрален терен)

- забрана за вршење функција на одредено време

Условно изречениот дел од казната не може да изнесува повеќе од половина од времетраењето на изречената дисциплинска мерка.

Условниот период може да изнесува од 6 (шест) месеци до 2(две) години.

Доколку за време на условниот период субјектот на дисциплинска одговорност стори било каков дисциплински прекршок, автоматски се активира делот од изречената казна кој бил условен.

Активирањето на условниот дел од изречената казна се евидентира во одлуката со која се изрекува дисциплинската мерка за новиот прекршок.

Одредбите од овој член не се применуваат при изрекување на дисциплински мерки за прекршување на анти-допинг правилата.

6. Во член 18 се вршат измени:
- во став 1 , прв ред по зборот – автоматските, се додава зборот „парични",
- став 4 се менува и гласи:

Клуб кој нема да ја уплати автоматската казна од став 1 на овој член во утврдениот рок се суспендира а наредниот натпревар кој треба да го одигра го губи по службена должност согласно прописите на ФФМ.

7. Во член 22
-став 5 се менува и гласи :
Индиректно добиениот црвен картон на еден натпревар (поради втор жолт картон) ги апсорбира и двата жолти картони и за истите не се води евиденција.

-став 6 се брише

-став 7 станува став 6 ,зборовите „ ја издржува" се менуваат со зборовите „се евидентира".

8. Се менува член 38

- став 1 алинеа 2 се брише,
-се додава нов став 2 „ За посериозен престап , на клубот покрај паричната казна од став 1 ќе му биде изречена и дополнителна дисциплинска мерка - следниот официјален натпревар да го игра без гледачи, службено да го изгуби натпреварот, одземање на бодови , враќање во понизок ранг"

9. Се менува член 39
- став 1 алинеа 2 се брише,
- став 2 се брише,
- се додава нов став 2
Ако како сторители на овој прекршок се јават повеќе играчи односно службени лица од став 1 или има други отежнителни околности клубот се казнува со одземање на 3 бода при прв престап, со одземање на 6 бода од бодовното салдо при втор престап.
-се додава нов став 3
Во случај клубот да нема освоено доволно бодови, се изрекува дисциплинска мерка одземање на негативни бодови – за куп натпреварување дисквалификација
- се додава нов став 4
За нареден престап клубот се казнува со враќање во понизок степен на натпреварување

- во последните два става(5 и 6) од член 39,
На крајот од ставот се брише точката и се додаваат зборовите „ што вклучува и забрана за пристап на стадион".

10. Се брише насловот пред членот 53 и 57

11 . Насловот пред членот 48 и 56 се менува

„Слаба организација и неред на игралиште" се менува во „Слаба организација,неред и прекин на натпревар".
„Напуштање на терен" во Напуштање на терен и ненастапување"

12. Член 51
- став 1 се менува и гласи:
Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи (навивачи), функционери и службените лица на клубот, било на свој или на туѓ терен без разлика на преземените мерки за обезбедување.

- став 4 се менува и гласи

„Клубот гостин за однесувањето на своите навивачи се казнува согласно став 2 алинеа 2 односно 3 од овој член.

- се додава нов став 5 кој гласи:

Физички напад врз учесниците во играта (играчи, резервни играчи, стручни, технички и службени лица, судии и делегат) од страна на гледач, функционер на клубот, службено лице на клубот е казниво согласно став 2 од овој член и претставува отежнителна околност на став 1 од овој член.

- ставот 5 станува став 6

13. Член 64,

- се менува и гласи

Допингот е забранет.

Допингот и прекршувањето на анти-допинг правилата се дефинирани во Правилникот за анти-допинг на ФИФА.

14. Се додаваат нови членови од 64а-64д кои гласат:

Член 64 а

Доколку анти-допинг правилата утврдени во Правилникот за анти-допинг на ФИФА и Правилникот за допинг конторола на ФФМ и тоа:

- *ако во организмот на играчот-примерок од крв или урина, се најде присуство на забранета супстанца или нејзин метаболит или маркер*
- *ако играчот користи или се обиде да користи забранета супстанца*
- *ако играчот одбие да се подвргне на допинг контрола без оправдана причина*
- *ако играчот манипулира или се обиде да манипулира со допинг процедурата*
- *ако играчот поседува забранета супстанца или применува забранета метода*

се прекршени од страна на играч, играчот ќе биде казнет со забрана на настап од 2 години.

Доколку во период од 8(осум) години од изрекување на казната за првото прекршување на анти-допинг правилата играчот го повтори прекршокот еднаш односно два пати ќе му се изрече казна согласно одредбите на Правилникот за допинг конторола на ФФМ.

Член 64 б

Повредата на анти-допинг правилата од страна на играчи помлади од 21 година се смета за особено сериозен прекршок и се смета за отежнителна околност за што ќе се изрече мерка согласно правилата за анти-допинг на ФИФА.

Доколку во прекршувањето на одредбите за анти-допинг на младиот фудбалер учествувале лица од клубот, односно ангажирани од страна на клубот, почитувајќи ги правилата на ФИФА истите ќе се казнат со доживотна забрана на вршење функција/настап.

Член 64 в

Ако се детектира присуство на забранета супстанца во примерокот на играчот на допинг контролата која е содржана во групата на специфични супстанци во листата на забранети средства на светската анти-допинг агенција –ВАДА, за која играчот ќе докаже дека не е користена со цел да се подигнат спортските перформанси и супстанцата е случајно присутна во медикаментот што тој го користел за тераписки цели при прво прекршување ќе биде казнет најмалку со опомена односно до 2 години забрана на настап.

Член 64 г

Трговија со било која забранета супстанца или забранета метода како и администрирање или обид за администрирање на забранета супстанца или користење на метода при прво прекршување ќе се казни со забрана на настап/функција од најмалку 4 години до доживотна забрана.
Прекршоците од претходниот став кои претставуваат и прекршување на позитивните прописи се пријавуваат до надлежен орган.

Член 64 д

Одбивањето на тестирање, необезбедувањето на точни податоци за достапноста на играчот за тестирање за време на допинг конторолата ќе се казни со забрана на настап од 2 години.
Одбивањето на тестирање , необезбедувањето на точни податоци за престојот и достапноста на играчот за тестирање односно допинг конторолата надвор од натпреварувањето ќе се казни со забрана на настап 1(една) година.
Во случај да постојат олеснителни односно отежнителни околности од член 64а до член 64д , посебно повторување на прекршокот, се применуваат одредбите на Правилникот за анти-допинг на ФФМ односно ФИФА.

15. Во член 65
- став 1
се додаваат зборовите :согласно Правилникот за анти-допинг на ФФМ и ФИФА.

- став 2 се менува и гласи:
Прекршувањата за кои е пропишана казна доживотна забрана на настап може да се намали на најмногу 8 години забрана на настап под услови пропишани со Правилникот за анти-допинг на ФФМ и ФИФА.

- се додава нов став 4 кој гласи:
Играч казнет поради повреда на АД правило, присуство на забранети супстанци во неговиот примерок при допинг контрола потребно е да се тестира два до три пати сукцесивно во наредните 6 месеци.

16. Во член 67

- став 1 алинеа 2 се менува и гласи:
фудбалски работник односно било кое лице ангажирано од клубот со забрана на вршење функција во фудбалскиот спорт во траење од 2 години а во случај на млад фудбалер согласно член 64б од овој правилник

17. Во Член 68
- се бришат ставовите 1 и 2
- став 3 кој станува став 1 се менува и гласи:

Против одлуката на првостепениот орган, незадоволната страна има право да изјави жалба согласно одредбите за поднесување на жалба од Правилникот за анти-допинг на ФИФА(член 80 и 81) до независно, непристрасно надлежно тело односно до Комисијата за жалби на ФФМ, во рок од 3 дена од прием на одлуката
- став 4 станува став 2 и гласи:

Засегнатите страни можат да ја обжалат второстепената одлука до CAS арбитражниот суд за спорт во Лозана. Одлуката на CAS е конечна.

- се додава нов став 3 кој гласи

Правосилните одлуки со кои се изрекува односно потврдува дисциплинска мерка за прекршување на анти-допинг правилата се поднесуваат до странките, надлежен орган на ФИФА и Светската анти-допинг агенција WADA.

18. Член 87 заради измена и дополнување на член 88, се менува:

- во став 2 *„се бришат зборовите од 100" се додава „во висина"*
- во став 3
по зборовите „Во случај на" се додава зборот „непостапување"
-во став 3
се додава нова алинеа која гласи:
забрана за трансфер на фудбалери.

19. Член 88
- став 1 се менува и гласи:
Секој субјект на дисциплинска одговорност предвиден во член 13 од овој Правилник што нема да постапи или делумно ќе постапи по одлуките *на надлежен орган на ФФМ признат од ФИФА, односно надлежен орган признат од ФФМ и ФИФА со кои е утврдено дека одреден субјект не постапил по одредена одлука со финансиски или без финансиски импликации , не ги исполнил или ги исполнил делумно своите финансиски обврски према друг субјект како ФФМ,ФИФА,CAS, играч, тренер, клуб, други, на сторителот ќе му се изрече парична казна во висина до 2000 во зависност од околностите и временскиот период на непостапување по предметната одлука по што ќе му*

биде одреден краен рок за постапување по неизвршената одлука,

- доколку сторител е клуб, ќе се предупреди за дисциплинската мерка која следи, доколку не постапи до истекување на крајниот рок, и тоа: одземање од 3-9 бода; забрана за трансфер; враќање во понизок ранг; пропорционално на долгуваниот износ односно настанатите последици.

- доколку сторителот не постапи по одлуката до утврдениот краен рок надлежниот дисциплински орган во зависност од тежината и настанатите последици ќе изрече една од мерките со кои клубот како сторител е предупреден.

-доколку сторител е физичко лице кое нема да постапи или делумно ќе постапи, односно одбива да спроведе одлука и покрај укажувањето од страна на надлежниот орган на фудбалска организација до утврдениот краен рок му се изрекува дисциплинска мерка забрана на вршење на функција.

- став 2 се брише

- се додава нов став 2

Жалба на изречена одлука по одредбите на овој член се поднесува директно до CAS(Спортски арбитражен суд со седиште во Лозана,Швајцарија).

- се додава нов став 3

Секоја одлука со финансиски или без финансиски импликации изречена против клуб или физичко лице од страна на надлежно тело признаено од ФИФА, ќе биде спроведена од ФФМ согласно принципите и одредбите на овој правилник или од новата асоцијација во која физичкото лице во меѓувреме е регистрирано или склучило договор со клуб-член на новата асоцијација.

20. Се менува член 122
- се додава став 2 кој гласи:

Странките во постапката можат да бидат застапувани од застапникот по закон или полномошник доколку од нив не се бара лично присуство и произнесување.

21. Се менува член 130
- се додава нов став 3 кој гласи:

Во случај на прекршување на анти-допинг правилата , доказите за спречување на изрекување или изрекување на поблага санкција ги обезбедува лицето против кое е покрената постапката.

2. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Генералното Собрание на ФФМ.

3. Одредбите на член 17а и член 22 став 5 ќе се применуваат од почетокот на натпреварувачката 2014/15 година.

Деловоден број 01-823/1-13

4. Се задолжува Правниот оддел на ФФМ да изготви пречистен текст на Дисциплинскиот правилник а ФФМ.

5. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Собранието на ФФМ на седницата одржана на 22.03.2014 година по предлог на Управниот одбор на ФФМ за измена и дополнување на Дисциплинскиот правилник на ФФМ во најголем дел заради усогласување, односно спроведување на задолжителната одредба од став 2 на член 146 од Дисциплинскиот код на ФИФА донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 01-823/1-13

Врз основа на член 43 став 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 22 Март 2014 година, Собрание на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Се врши измена и дополнување на Правилникот за судии и судење на ФФМ во следните одредби:

1. Член 11, се менува став 1 и гласи:

Судиската комисија на ФФМ во соработка со судиските комисии на ОФС кои го сочинуваат регионот предлага на Управниот одбор на Третата лига членови на Судиска комисија на Третата лига.

2. Во Член 36 се менува став 1, се брише став 3

- во став 1, алинеа 2, бројот 30 се менува со бројот 32; бројот 32 се менува со бројот 35
- во став 1, алинеа 3, зборот во заградата се менува со зборот *„две"*
- се брише став 3

3. Во Член 38 се менува став 3 точка Б, Д
- *во точка Б по зборовите во вториот ред „Трета лига„ се додаваат зборовите „ односно натпревари од младинска лига(од највисокиот степен на натпреварување) и Прва женска лига"*
- *на крајот од точка Б се додаваат зборовите„ во кои влегуваат и натпревари од младинска лига(од највисокиот степен на натпреварување) и Прва женска лига."*
- *во точка Д се бришат зборовите на крајот од точката„Трошоците за условниот натпревар ги сноси ОФС или самиот кандидат;*
- технички се бришат зборовите на крајот од став 2 *„ и кој со успех го минал условниот натпревар (еден натпревар)"* поради усогласување со промената во член 36 став 3 кој е избришан.

4. Во Член 41, се менува став 1 точка 3 и 4

- став 1, точка 3, бројот 30 се менува со бројот 32; бројот 32 се менува со бројот 35

- став 1, точка 4, бројот 30 се менува со бројот 20

5. Во Член 42 се менува став 1, се бришат редовите од 1 – 4 до зборовите „испитната комисија". Со зборовите „испитната комисија" започнува став 1.

6. Во член 45 се вршат измени:
- во став 1 , точка 1, бројот 30 се менува со бројот 20

7. Во член 74, се врши измена и дополнување на
- став 3, во ред 2 и 3 ,се бришат зборовите „може да не биде делегиран на 1-2 натпревари" се додава „не може да биде делегиран на два натпревара"

8. Во член 77 ,

-се додава нов став 2 кој гласи „ Судијата од единствената односно посебната листа на судии по добивањето на третата негативна оцена во натпреварувачката сезона нема да се делегира до крајот на натпреварувачката сезона и по нејзино завршување се става на располагање на листа со еден ранг подолу."

9. Во член 83,
- се менува став 1 и гласи:

За судење на натпреварите се формираат посебни листи за судење, помошно судење и за вршење на контролорска должност – инструктори и тоа:
- *главна листа на судии за Прва МФЛ,*
- *помошната листа на Прва МФЛ,*
- *главна листата на судии на Втора МФЛ,*
- *помошната листа на Втора МФЛ,*
- *главна листа на судии за Трета лига*
- *помошната листа на Трета лига*
- *листа на судии во Општинска лига*
- *главна листа на судии за ЖФЛ,*
- *помошна листа за ЖФЛ*
- *листа на судии во детски фудбал*
- *листа на судии за лиги во мал фудбал "*

- се додава нов став 2 кој гласи:
Може да се формира единствена листа на судии:
- *во сите степени на натпреварување и за сите категории*
- *за поедини категории*

- Ставот 2 станува став 3 и гласи:
Бројот на судиите за секоја листа се утврдува на следниот начин:
- *за главна листа на судии бројот на клубовите + 25%*

- за помошната листа на судии, бројот на клубовите зголемен за 50%;

- Став 3 станува став 4
во првиот ред се бришат зборовите „за прва, и Втора МФЛ", во вториот ред по зборот „клубовите" се додава„ плус 50%" се бришат зборовите „плус перспективна листа".

10. Во член 87 ,
- се менува став 1, точка 1, *бројот „46" се менува со бројот „45", се бришат зборовите во заградата.*
- точка 2 од истиот став се менува и гласи:
До сезоната кога влегува на листа да бил најмалку 15 пати главен или помошен судија во општинската или регионалната лига.

11 . Во член 88 ,
- се менува став 1 точка 1, *бројот „46" се менува со бројот „45" , се бришат зборовите во заградата.* Броевите „30" и „32" се менуваат со броевите „32" и „35".
- Во точка 2 *се менува бројот„ 30" со бројот„ 20",*

12. Член 89 ,
- се менува став 1 точка 1 бројот„ 46" се менува со бројот„ 45", *се бришат зборовите во заградата.*
- точка 2 од истиот став се менува и гласи:
До сезоната кога влегува на оваа листа да бил најмалку 20 пати главен или помошен судија и да не е оценуван со негативна оцена.

13. Член 90,
- се менува став 1 точка 1 бројот „ 46" се менува со бројот „ 45", се бришат зборовите во заградата, се менува бројот „34" во „35" .
- во точка 2 од истиот став, се менува бројот „30" со бројот „20"

14. Член 91 ,
- се менува став 1 точка 1 бројот „46" се менува со бројот „45", се бришат зборовите во заградата.
- точка 2 од истиот став се менува и гласи:
До сезоната кога влегува на оваа листа да бил најмалку 20 пати главен или помошен судија и да не е оценуван со негативна оцена.

15. Се додава нов член 91-а кој гласи:
Судиите од листите на ФФМ по навршување на 45 години имаат право:
- да бидат преведени во инструктори
- да продолжат активно да судат до навршување на 50 години на листата за судење во мал фудбал согласно утврдени критериуми.

16. Член 94 ,
- се брише став 6

20. Член 95 ,
- во став 1 точка 9 се бришат зборовите *„четворицата"*.
технички заради усогласување со член 77 став 2, во точка 6 од овој член зборот две се менува со зборот три.

2. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Генералното Собрание на ФФМ.

4. Се задолжува Правниот оддел на ФФМ да изготви пречистен текст на Правилникот за судии и судење на ФФМ

5. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Собранието на ФФМ на седницата одржана на 22.03.2014 година по предлог на Управниот одбор на ФФМ ги усвои измените и дополнувањата на Правилникот за судии и судење на ФФМ како во диспозитивот и донесе одлука да се изготви пречистен текст на правилникот.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 01-823/1-14

Редовно Генерално Собрание 22.03.2014 година

Врз основа на член 43 став 1 т. л од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 22.03.2014 година Собрание на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Се разрешува Александар Најдовски од местото претседавач на Комисијата за жалби на ФФМ и на негово место се назначува Мите Левков.
2. Се разрешува Јосиф Ивановски од местото заменик членот во Комисијата за жалби на ФФМ и на негово место се назначува Дејан Здравковски
3. Комисијата за жалби на ФФМ во преостанатиот период од мандатот ќе работи во состав:

   - Мите Левков – Претседавач
   - Арбен Борова – член
   - Синиша Стојчевски – член
   - Ана Јанкова – заменик член
   - Дејан Здравковски – заменик член
   - Драган Симоновиќ – заменик член

4. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

5. Одлуката да се објави во Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

Делегатите на собранието на Фудбалската федерација на Македонија на седницата одржана на ден 22.03.2014 година, го усвоија предлогот на Претседателот на ФФМ за промена во составот на Комисијата за жалби на ФФМ како во диспозитивот на одлуката.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден бр.01-823/1-15/1

Редовно Генерално Собрание 22.03.2014 година

Врз основа на член 43 став 1 т. л од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 22.03.2014 година Собрание на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Се разрешува Зоран Глигоров од функцијата претседавач на Комисијата за лиценцирање на ФФМ и на негово место се назначува Александар Најдовски
2. Се разрешуваат: Драган Димитров, Милан Голубовски и Ѓорѓи Бошковски од функцијата членови на Комисијата за лиценцирање на ФФМ и на нивно место се назначуваат: Новица Поповски, Раде Трајковски и Кармен Цилакова

3. Комисијата за лиценцирање на ФФМ во преостанатиот дел од мандатот ќе работи во состав:

   - Александар Најдовски – Претседавач
   - Новица Поповски – член
   - Раде Трајковски – член
   - Кармен Цилакова – член
   - Фатмир Таири – член

4. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

5. Одлуката да се објави во Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

Делегатите на собранието, поради професионалниот ангажман на претседавачот и членовите на Комисијата за лиценцирање кој не им дозволуваше навремено да одговорат на потребата и динамиката со која ова тело работи,го прифатија предлогот на Претседателот на ФФМ и донесоа одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден бр.01-823/1-15/2

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 11.03.2014 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Се утврдува цената на спортските легитимации да изнесува 40,00(четириесет) денари.

2. Одлуката стапува на сила веднаш.

3. Одлуката да се достави до финансовиот оддел на ФФМ за понатамошно постапување.
4. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 11.03.2014 година по кратка расправа утврди намалување на продажната цена на спортските легитимации кои досега се продаваа по 120 денари и донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател

Илчо Ѓоргиоски

Деловоден број 0202-669/1-12/2

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 11.03.2014 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Се усвојува предлогот на Тренерската комисија на ФФМ за утврдување на критериуми и услови за ангажирање на странски тренери од страна на клубовите од Прва МФЛ.

2. Тренер-странец може да добие дозвола (лиценца) за водење на екипа во Прва МФЛ доколку:

а.поседува УЕФА ПРО Диплома,

б.во последните 4 години има 2 години работен стаж

- како шеф на стручен штаб или како прв помошник тренер(асистент) во лига која е подобро рангирана од нашата на ФИФА ранг листата, или
- доколку во последните 4 (четири)години освоил куп или првенство,или
- водел екипа во елитни клубски континентални натпреварувања, или
- имал најмалку 25 настапи за А репрезентација.

3.Одлуката стапува на сила веднаш, истата да се имплементира во Правилникот за издавање на лиценци на тренери.

4. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 11.03.2014 година го усвои предлогот на Тренерската комисија на ФФМ за утврдување на критериуми и услови за ангажирање на странски тренери од страна на клубовите од Прва МФЛ и донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-669/1-10

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Број : **1102-847/2**
Прва лига : **2013 – 2014**
Скопје : **26.03.2014 година**

Врз основа на член 18 од Дисциплинскиот правилникот на ФФМ, Комисијата за натпревари на ФФМ на ден 26.03. 2014 година донесе :

Одлука

1. ФК "Брегалница 2008" – Штип се казнува со автоматска парична казна од 100 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ **200002504222317 Стопанска банка АД – Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави на знаење и извршување.

Образложение

Комисијата за напревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 23 коло од Првата лига помеѓу: Ф.К. "Работнички" од Скопје - Ф.К. "Брегалница 2008" од Штип, констатира: Шишков Мартин со ИД број 100929 фудбалер на ФК "Брегалница 2008", исклучен во 54 минута од натпреварот поради недозволен старт-втор жолт картон.

Доставено до :

- ФК "Брегалница 2008" – Штип
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ.

Комисија за натпревари на ФФМ

Претседател

Васко Дојчиновски с.р.

Фудбалска Федерација на Македонија

Број : 1102-847/3
Скопје: 26.03.2014

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на комисијата за натпревари на ФФМ против Шишков Мартин фудбалер на Ф.К."Брегалница 2008"од Штип врз основа на член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 26.03.2014 година донесе:

О Д Л У К А

1. **Шишков Мартин со ИД 100929 фудбалер на Ф.К "Брегалница 2008" –Штип се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени-куп натпревари .**
2. **Казната тече од 23.03.2014 година.**
3. **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од 23 коло на Првата лига помеѓу: Ф.К. "Работнички" (С) - Ф.К. "Брегалница" (Ш) одигран на ден 22.03.2014 година констатира: Шишков Мартин, фудбалер на ФК "Брегалница 2008" е исклучен во 54 минута од натпреварот поради недозволен старт-добиен втор жолт картон на натпреварот.
При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:
- Ф.К. "Брегалница 2008" (Ш)
- Макфудбал
- Архива

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Број 1102-847/4
Скопје,26.03.2014 година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија постапувајки по пријавата од Комисијата за натпревари на ФФМ, согласно на одредбите од член 125 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската Федерација на Македонија на ден 26.03.2014 година донесе:

ОДЛУКА

- СЕ ПОВЕДУВА дисциплинска постапка против ФК"Пелистер"од Битола поради фрлање на предмети во теренот на натпреварот од 23 коло на Прва МФЛ помеѓу екипите на Ф.К Пелистер-Ф.К Македонија ЃП одигран на ден 23.03.2014 година на стадионот во Битола.
- СЕ ЗАДОЛЖУВААТ сите службени лица од натпреварот да доставаат писмени изјави како и овластени лица од клубовите да доставаат писмени изјави во рок од 3(три)дена од денот на приемот .

Доставено до:
ФК Пелистер-Битола
Макфудбал
Архива на ФФМ
Делегат на натпреварот
Судиска четворка на натпреварот
Контролор на натпреварот

Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими, с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Број 1102-847/5
Скопје,26.03.2014 година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија постапувајки по пријавата од Комисијата за натпревари на ФФМ, согласно на одредбите од член 125 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската Федерација на Македонија на ден 26.03.2014 година донесе:

ОДЛУКА

- СЕ ПОВЕДУВА дисциплинска постапка против ФК"Зајази" од Зајас поради слаба организација на натпреварот од 19 коло на Втора МФЛ помеѓу екипите на : Ф.К Зајази-Ф.К Скопје одигран на ден 22.03.2014 година на стадионот во Кичево.
- СЕ ЗАДОЛЖУВААТ сите службени лица од натпреварот да доставаат писмени изјави како и овластени лица од клубовите да доставаат писмени изјави во рок од 3(три)дена од денот на приемот .

Доставено до:
ФК Зајази-Зајас
Макфудбал
Архива на ФФМ
Делегат на натпреварот
Судиска четворка на натпреварот
Контролор на натпреварот

Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими, с.р.

Фудбалска Федерација на Македонија

Број : 1102-847/6
Скопје: 26.03.2014 година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија одлучувајќи по пријавата на комисијата за натпревари против ФК "Вардар" од Скопје, за натпреварот: ФК "Вардар" – ФК "Пелистер" одигран на ден 09.03.2014 година на стадионот во Скопје во рамките на 21-то коло од Прва МФЛ, согласно член 51,а во врска со член 36,48,и во врска со член 3,8,13,16 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на седницата одржана на ден 26.03.2014 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Фудбалскиот клуб "Вардар" од Скопје се казнува со парична казна од 1000 (илјада евра) во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Паричната казна клубот е должен да ја уплати по правосилноста на оваа Одлука, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3.Казната тече од 26.03.2014 година

4.Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријава на комисијата за натпревари на ФФМ, согласно член 121 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а врз основа на изјавите и официјалниот записник од натпреварот: ФК "Вардар " – ФК "Пелистер" одигран на ден 09.03.2014 на стадионот во Скопје, констатира дека ФК Вардар е виновен поради неспортско однесување на својата навивачка група и фрлање на пиротехнички средства на натпреварот.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000,00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:
- ФК "Вардар" - Скопје
- Архива-Книговодство
- Макфудбал

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р

Фудбалска Федерација на Македонија

Број : 1102-847/7
Скопје: 26.03.2014 година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија одлучувајќи по пријавата на комисијата за натпревари против ФК "Пелистер" од Битола, за натпреварот: ФК "Вардар" – ФК "Пелистер" одигран на ден 09.03.2014 година на стадионот во Скопје во рамките на 21-то коло од Прва МФЛ, согласно член 51,став 1 точка 4 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на седницата одржана на ден 26.03.2014 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Фудбалскиот клуб "Пелистер" од Битола се казнува со парична казна од 750 (седумстотини и педесет евра) во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Паричната казна клубот е должен да ја уплати по правосилноста на оваа Одлука, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3.Казната тече од 26.03.2014 година

4.Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријава на комисијата за натпревари на ФФМ, согласно член 121 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а врз основа на изјавите и официјалниот записник од натпреварот: ФК "Вардар " – ФК "Пелистер" одигран на ден 09.03.2014 на стадионот во Скопје,констатира дека Пелистер е виновен поради фрлање на пиротехнички средства од страна на својата навивачка група .

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000,00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:
- ФК "Пелистер" - Битола
- Архива-Книговодство
- Макфудбал

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р

Фудбалска Федерација на Македонија

Број : 1102-847/8
Скопје: 26.03.2014 година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија одлучувајќи по пријавата на комисијата за натпревари против ФК "Брегалница 2008" од Штип, за натпреварот: ФК "Брегалница 2008" – ФК "Работнички" одигран на ден 09.03.2014 година на стадионот во Штип во рамките на 21-то коло од Прва МФЛ, согласно член 49став 1 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ,на седницата одржана на ден 26.03.2014 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Фудбалскиот клуб "Брегалница 2008" од Штип се казнува со парична казна од 500 (петстотини) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Паричната казна клубот е должен да ја уплати по правосилноста на оваа Одлука, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3.Казната тече од 26.03.2014 година

4.Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријава на комисијата за натпревари на ФФМ, согласно член 121 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а врз основа на изјавите и официјалниот записник од натпреварот: ФК "Брегалница 2008" – ФК "Работнички" одигран на ден 09.03.2014 на стадионот во Штип,констатира дека ФК Брегалница е виновен поради присуство на неслужбено лице во службени простории на ФК Брегалница 2008.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000,00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:
- ФК "Брегалница 2008" - Штип
- Архива-Книговодство
- Макфудбал

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р

Фудбалска Федерација на Македонија

Број : 1102-847/9
Скопје: 26.03.2014 година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија одлучувајќи по пријавата на комисијата за натпревари против ФК "Брегалница 2008" од Штип, за натпреварот: ФК "Брегалница 2008" – ФК "Работнички" одигран на ден 09.03.2014 година на стадионот во Штип во рамките на 21-то коло од Прва МФЛ, согласно член 51став 1,точка 4 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на седницата одржана на ден 26.03.2014 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Фудбалскиот клуб "Брегалница 2008" од Штип се казнува со парична казна од 250 (двестотини и педесет) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Паричната казна клубот е должен да ја уплати по правосилноста на оваа Одлука, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3.Казната тече од 26.03.2014 година

4.Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријава на комисијата за натпревари на ФФМ, согласно член 121 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а врз основа на изјавите и официјалниот записник од натпреварот: ФК "Брегалница 2008" – ФК "Работнички" одигран на ден 09.03.2014 на стадионот во Штип,констатира дека ФК Брегалница е виновен поради фрлање на предмети во терен од страна на навивачката група на ФК Брегалница за време на натпреварот.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000,00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:
- ФК "Брегалница 2008" - Штип
- Архива-Книговодство
- Макфудбал

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

13 коло 2 футсал лига

Скопје, 19 март 2014 година

Врз основа на член 24 алинеа 1 точка 11 и член 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со членовите 1, 2, 8, 10 и 53 од Правилникот за натпревари на Фудбалската федерација на Македонија како и членот 1 од Пропозициите за натпреварување во втората футсал лига во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година, комисијата за футсал натпреварување на Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија во состав Крстев Славе Претседател и членовите Пластиноски Роберт, Митров Илија Ментор Јакупи, Златко Ралевски постапувајки по записникот и материјалите од 13 коло од 2 футсал лига во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година од натпреварот Цико:Куманово 2013 од 15 март 2014 година на ден 19 март 2014 година донесе:

О Д Л У К А

1.НЕОДИГРАНИОТ ПРВЕНСТВЕН НАТПРЕВАР ОД ТРИНАЕСЕТОТО КОЛО ОД ВТОРАТА ФУТСАЛ ЛИГА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2013/2014 ГОДИНА ЦИКО:КУМАНОВО 2013 СЕ РЕГИСТРИРА СО СЛУЖБЕН РЕЗУЛТАТ 3:0 ВО КОРИСТ НА КМФ ЦИКО ОД СТОЈАКОВО.

2.ПОРАДИ НЕ ДОВАЃАЊЕ НА ПРЕДМЕТНИОТ НАТПРЕВАР ВО ПОСТАПКА НА ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СЕ ПРЕДАВА КМФ КУМАНОВО 2013 ОД КУМАНОВО.

2.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ ДО ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА "МАКФУДБАЛ".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за футсал натпреварување на Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по записникот и материјалите од првенствениот натпревар од 13 коло од 2 футсал лига Цико:Куманово 2013 констатира:

-Не спорно е дека во рамките од 13 коло од 2 футсал лига на ден 15 март 2014 година во спортската сала "Манданата" во Стојаково бил закажан

првенствениот натпревар помеѓу екипите на Цико од Стојаково и Куманово 2013 од Куманово.

-Во закажаниот термин во 19,00 часот во спортската сала биле присутни домашната екипа Цико, судиите Карајанов Ѓорги и Јованов Јован од Гевгелија, делегатот Манчев Горан од Валандово органите за безбедност од ПС Гевгелија, лекар со кола за брза помош.

Од непознати причини гостинската екипа КМФ Куманово 2013 не се појави така да по чекање од утврденото време со пропозициите за ова натпреварување делегатот соопштил дека поради не доваѓање на гостинската екипа натпреварот нема да се одигра.

При вака утврдена фактичка состојба а со примена на пропозициите за натпреватрување во втората футсал лига во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година Комисијата за футсал натпреварување на Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија донесе едногласна одлука како во диспозитивот на оваа одлука.

ПОУКА: Незадоволната страна од оваа одлука има право на жаба во рок од три (3) дена од приемот на оваа одлука преку оваа комисија до Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија.

Жаблата се доставува во два примерока со уплата на такса од 12.000,00 (дванаесет илјади) денари на жиро сметка на Фудбалската федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка со назнака уплата за жалба.

ДОСТАВЕНО ДО:
1.КМФ ЦИКО Стојаково
2.КМФ КУМАНОВО 2013 Куманово
3.Макфудбал
4.Архивата на ФФМ.

КОМИСИЈА ЗА ФУТСАЛ НА ФФМ
П р е т с е д а т е л
Славе Крстев с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ СКОПЈЕ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број 03 - сл

Скопје, 19 МАРТ 2014 година

Врз основа на член 24 и 36 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, член 1, 2, 8, 10, 56 став 5 и член 60 алинеа 1 став 3 од Правилникот за натпревари на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со член 1 и 35 став 1, 2 и 3 од Пропозициите за натпреварување во Футсал лигата во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година Комисијата за Футсал натпреварувањето во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година на ден 19.03.2014 година донесе:

О Д Л У К А

1.КМФ"КУМАНОВО 2013" ОД КУМАНОВО СЕ ИСКЛУЧУВА ОД НАТАМОШНОТО НАТПРЕВАРУВАЊЕ ОД ВТОРАТА ФУТСАЛ ЛИГАТА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2013/2014 ГОДИНА.

2.ПОРАДИ ИСКЛУЧУВАЊЕТО ОД НАТАМОШНОТО НАТПРЕВАРУВАЊЕ ОД ВТОРАТА ФУТСАЛ ЛИГАТА ВО ПОСТАПКА ПРЕД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СЕ ПРЕДАВА КМФ"КУМАНОВО 2013" ОД КУМАНОВО КАКО И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КМФ"КУМАНОВО 2013" ОД КУМАНОВО.

3.СИТЕ ДОСЕГА ОДИГРАНИ ПРВЕНСТВЕНИ НАТПРЕВАРИ ОД ВТОРАТА ФУТСАЛ ЛИГА СО ЕКИПАТА НА КМФ"КУМАНОВО 2013" СЕ ПРИЗНАВААТ И ОСТАНУВААТ РЕГИСТРИРАНИ СО ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ.

4.СИТЕ НАТПРЕВАРИ СО ЕКИПАТА НА КМФ"КУМАНОВО 2013" КОИ ТРЕДА ДА СЕ ОДИГРААТ ВО ВТОРАТА ФУТСАЛ ЛИГА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СЕ РЕГИСТРИРААТ СО СЛУЖБЕН РЕЗУЛТАТ 3:0 ВО КОРИСТ НА ПРОТИВНИЧКИТЕ ЕКИПИ.

5.СИТЕ ДОСЕГА ДОДЕЛЕНИ ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ НА ФУДБАЛЕРИТЕ И СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА ВО ДОСЕГАШНИОТ ДЕЛ ОД НАТПРЕВАРУВАЊЕТО НА КОИ ЕКИПИТЕ ГИ ИГРАЛЕ СО ЕКИПАТА НА КМФ "КУМАНОВО 2013" КАКО И ФУДБАЛЕРИТЕ И СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА НА КМФ"КУМАНОВО 2013" ОД КУМАНОВО И ПОСТИГНАТИТЕ ГОЛОВИ СЕ ПРИЗНАВААТ И ОСТАНУВААТ ДА ВАЖАТ.

8.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДРЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА МАКФУДБАЛ.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за Футсал натпреварување во организација на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по Пропозициите за футсал натпреварување во втората футсал лига во организација на фудбалската федерацијаа на Македонија а притоа имајки го во предвид и Правилникот за натпревари на Фудбалската федерација на Македонија констатира:

-КМФ "КУМАНОВО 2013" од Куманово како член на втората футсал лигата во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година неспорно е дека на ден 06 март 2014 година во Кавадарци не го одиграл куп натпреварот во организација на Фудбалската федерација на Македонија со екипата на КМФ "Црна Река" од Кавадарци кој натпревар Комисијата за футсал го регистрира со службен резултат 3:0 во корист на КМФ "Црна Река" поради неоправдано не одигрување на напред наведениот куп натпревар од страна на екипата на КМФ "Куманово 2013" од Куманово.

Не спорно е дека на ден 15 март 2014 година во рамките од 13 коло од втората футсал лига во организација на Фудбалската федерација на Македонија како гостин во село Стојаково екипата на КМФ "Куманово 2013" не го одиграла натпреварот со екипата на КМФ "Цико" од село Стојаково, кој натпревар поради неоправдано не одигрување од страна на комисијата за футсал е регистриран со службен резултат 3:0 во корист на екипата на КМФ "Цико" од село Стојаково.

Имајки во предвид дека во текот на оваа натпреварувачка година 2013/2014 година екипата на КМФ "Куманово 2013" од Куманово не одиграла два натпревари а притоа имајки ги во предвид одредбите од член 56 став 5 и член 60 алинеа 1 став 3 од Правилникот за натпревари на Фудбалската федерација на Македонија како и одредбите од член 35 став 1 , 2 и 3 од Пропозициите за футсал натпреварувањето во втората футсал лига во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година комисијата за футсал едногласно донесе одлука како во диспозитивот.

При вака утврдена фактичка состојба а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија Комисијата за футсал натпреварување во организација на Фудбалската федерација на Македонија донесе одлука како во диспозитивот.

ПОУКА:Незадоволната страна од ова одлука има право на жалба во рок од три дена од денот на приемот на оваа одлука преку оваа Комисија до Комисијата за молби и жалби на Фудбалската федерација на Македонија со задолжителна уплата на такса од 12.000,00 (ддванаесет илјади) денари на жиро сметка:Фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка.

Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршената уплата на таксата.

ДОСТАВЕНО ДО:
1.КМФ "Куманово 2013" Куманово
2.Архивата на ФФМ и
3.Макфудбал

КОМИСИЈА ЗА ФУТСАЛ НА ФФМ
Претседател
Славе Крстев с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
14 коло втора футсал лига
Скопје, 28 март 2014 година

Врз основа на член 24 алинеа 1 точка 11 и член 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со членовите 1, 2, 3, 5, 8, 9, 10, ,28, 29, 35, 123, 125, 130, 138 и 139 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал натпреварување на Управниот Одбор на Фудбалската федерација на Македонија, записникот и материјалите доставени во постапка од првенствениот натпревар од 14 коло од втората футсал лига во организацијана Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година Овче Поле 2013:Цико одигран во Свети Николе спортска сала "Цар Самоил" на ден 22 март 2014 година согласно член 35 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија на ден 28 март 2014 година донесе:

О Д Л У К А

1.ДОНЕВСКИ ВИКТОР ФУДБАЛЕР СО БРОЈ 3 КОМЕТ БРОЈ 114628 ОД КМФ ОВЧЕ ПОЛЕ 2013 ОД КУМАНОВО СЕ САНКЦИОНИРА СО ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА ЗАБРАНА ИГРАЊЕ НА ДВА (2) ПРВЕНСТВЕНИ ИЛИ КУП НАТПРЕВАРИ.
2.КАЗНАТА ТЕЧЕ ОД 23 МАРТ 2014 ГОДИНА.
3.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ ДО ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА "МАКФУДБАЛ".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал натпреварување на Управниот Одбор на Фудбалската федеерација на Македонија констатира:
-Од увидот во записникот и материјалите доставени во постапката по однос првенствен натпревар од четиринаесетото коло од втората футсал лига во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година Овче Поле 2013:Цико одигран на ден 22.03.2014 година во Свети Николе спортска сала "Цар Самоил" комисијата неспорно уврди едногласно дека од страна на судијата Недев Ѓоце од Кавадарци на натпреварот бил исклучен Доневски Виктор поради недозволена игра.

При вака утврдена фактичка состојба а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија дисциплинската комисија донесе едногласна одлука како во диспозитовот.

ПОУКА:Незадоволната страна од оваа Одлука има право да поднесе жалба до Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија согласно одредбите од член 141 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија во рок од три дена од денот на приемот на оваа одлука преку оваа комисија со уплата на пропишана такса од 12.000,00 (дванаесет илјади) денари на жиро сметка Фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка со назнака такса за жалба.Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

ДОСТАВЕНО ДО:
1.КМФ "ОВЧЕ ПОЛЕ 2013" Свети Николе
2.Доневски Виктор фудбалер
2.Архивата на ФФМ
3.Макфудбал

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА НА ФФМ
Претседател
Блерим Бесими с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ СКОПЈЕ

СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ "МАКФУДБАЛ"
е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секој ПОНЕДЕЛНИК во неделата

Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Булевар "АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ
со ознака "ЗА МАКФУДБАЛ"

ЖИРО СМЕТКА
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
300000001599760-Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382
ТЕЛЕФОНИ: 02/3166-943, ТЕЛЕФАКС: 02/3165-448

РЕДАКЦИСКИ ОДБОР НА "МАКФУДБАЛ"